# Изработка на четиријазичен речник



НАСТАВНИЦИ РЕАЛИЗАТОРИ: ДАНЧЕ ЈОВАНОВА, БИЛЈАНА КОЦЕВА, БОСИЛКА ЗДРАВКОВА, ФАТИМЕ ЛИМАН, ОУ „НИКОЛА КАРЕВ“ – РАДОВИШ

**Одделение и предмет**
Четврто и шесто одделение (12 ученици – 6 МАК и 6 ТУР)
Англиски јазик, македонски јазик, германски јазик и турски јазик

**Тема од наставната програма и наставна единица**
Вокабулар за семејство, броеви, денови во неделата, месеци, година, активности, храна и пијалаци – превод на зборови и креирање речници

**Преглед на активноста**
Учениците во мешани етнички групи работат на проектна задача во која изработуваат четиријазичен речник – македонски, англиски, германски и турски јазик каде што се прави поврзување на различните култури со изучување на зборови на различни јазици. Учениците се делат во две групи. Првата група се ученици од четврто одделение и изработуваат речник со слики. Втората група ученици од шесто одделение изработуваат електронски речник во програмата Scratch2.4. Учениците од првата група изработуваат речник со зборови од темите: семејство, броеви, училишни предмети, месеци во годината, годишни времиња, храна и пијалаци. Изработката на речниците на двете групи се одвиваше во две фази. Во првата фаза учениците истражуваа на интернет, работеа на селекција на зборовите и користеа интернет-алатки за превод на зборовите, а во втората фаза тие го уредуваа речникот. Во текот на работата имаше постојана интеракција и соработка помеѓу учениците и наставниците. Учениците си помагаа едни на други и меѓусебно ги споделуваа знаењата. На крај учениците ги презентираа финалните изработки на речниците. Учеството на овој проект за учениците беше одлично искуство при што научија многу нови зборови од другите јазици, ги збогатија знаењата за другите култури, научија како функционира групната работа и ги продлабочија вештините од информатика. Тие се запознаа меѓу себе и стекнаа нови пријателства, што продолжуваат со посети на родендени и гостување во нивните домови.



# Dört dilde sözüğün hazırlanması

UYGULAYICI ÖĞRETMENLER: DANÇE YOVANOVA, BİLYANA KOTSEVA, BOSİLKA ZDRAVKOVA, FATİME LİMAN, RADOVİŞ "NİKOLA KAREV" İLKOKULU

**Seınıf ve Ders**
Dördüncü ve altıncı sınıf (12 öğrenci – 6 MAK ve 6 TÜRK)
İngilizce, Makedonca, Almanca ve Türkçe

**Eğitim Programı ve Eğitim Birimi Konusu**
Aile kavramına ilişkin kelime hazinesi, sayılar, haftadaki günler, aylar, yıl, faaliyetler, yiyecek ve içecek – kelime tercümeleri ve cümlenin oluşturulması

**Faaliyet Bakış Açısı**
Öğrenciler, etik açıdan karma guruplar oluşturacak şekilde Makedonca, İngilizce, Almanca ve Türkçe olmak üzere toplam dört dilde sözlük hazırlayarak bahse konu dillerdeki farklı kelimeleri öğrenme aracılığıyla değişik kültürlerdeki bağlantıyı keşfetmiş olurlar. Öğrenciler iki guruba ayrılırlar. Birinci gurupta dördüncü sınıf öğrencileri vardır ve bunlar resimli sözlük hazırlamakla meşkuldür. İkinci gurupta altıncı sınıf öğrencileri vardır ve bunlar Scratch2.4 programında elektronik sözlük hazırlamakla meşkuldür. Birinci guruptaki öğrenciler, şu konulardaki kelimelerden sözlük oluşturur: aile, sayılar, okul malzemeleri, yıldaki aylar, mevsimler, yiyecek ve içecekler. Her iki gurup tarafından hazırlanan sözlük çalışmaları iki aşamada gerçekleştirilmiştir. Birinci aşamada öğrenciler, internet üzerine araştırmalar yaparak, kelime seçmiş ve kelimeleri tercüme edilmesi için de internet araç gereçlerinden faydalanmıştır. İkinci aşamada ise sözlüğün tasarım çalışmaları yapılmıştır. Yapılan çalışmalar kapsamında öğrenciler ve öğretmenler arasında gerçek anlamda karşılıklı etkileşim ve işbirliği mevcuttur. Öğrenciler kendi aralarında birbirlerini destekleyerek, bilgi paylaşımını da yapmıştır. En sonunda öğrenciler, cümlelerin son halini oluşturmuştur. Diğer dillere ait kelimeleri öğrenme şansını elde ettiklerinden, farklı kültür özelliklerini görme fırsatı yakaladıklarından, gurup çalışmasının hangi şekilde ilerlediğini gördüklerinden ve bilgi işlem anlamında tecrübe edindiklerinden dolayı öğrencilerin söz konusu projeye dahil olmaları oldukça büyük önem taşımaktadır. Onlar, kendi aralarında tanışıp yeni arkadaşlıklar ve dostluklar edindiler. O arkadaşlık neticesinde, birbirlerinin doğum günlerine ve ev ziyaretlerine de katılmaktadırlar.



Through Innovation to a Better Integration

Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education